**Предлагачи: Група пратеници**

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување и дополнување на

Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост,

по скратена постапка

Скопје, јули 2013 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 18. 07. 2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2906/1 | | |

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост, по скратена постапка.

Пратеници,

Малиша Станковиќ
Ромео Тренов
Елена Павлова
Nexhmi Xhemiri
Силвана Бонева
Илија Димовски
Панче Доневски
Rexhail Ismaili
Марија Рашковска
Владанка Авировиќ

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/13) се уредува продажбата на земјоделско земјиште во државна сопственост на начин, постапка и услови согласно овој закон.

Во членот 18 од Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост е уредено дека купопродажната цена за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост избраниот понудувач може да ја плати во целост или на пет годишни рати. Со анализа на ваквата одредба поттикната од барањата на земјоделците кои со дејноста се занимаваат како физички лица, имајќи ги при тоа во предвид околностите кои се однесуваат на материјално-финансиската состојба на индивидуалните земјоделци, се утврди потреба од пропишување на подолг рок за плаќање на купопродажната цена доколку избраниот понудувач е физичко лице.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост има за цел продолжување на рокот за плаќање на купопродажната цена за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост доколку избраниот понудувач е физичко лице.

Законот чие изменување се предлага, се заснова на истите начела врз кои се заснова Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост.

Со предложеното изменување и дополнување на овој закон ќе се пролонгира рокот за плаќање на купопродажната цена за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост доколку избраниот понудувач е физичко лице.

## III. ОЦЕНА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост не е потребно обезбедување на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а со оглед на тоа што не е е во прашање сложен и обемен закон, предлагаме Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување и дополнување на

Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост

Член 1

Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (“Службен весник на Република Македонија” број 87/13), во членот 18 став (1) по зборот “рати” точката се брише и се додаваат зборовите: “или на десет еднакви годишни рати доколку избраниот понудувач е физичко лице”.

Во ставот (2) по зборот “пет” се додаваат зборовите: “или десет”.

Ставот (3) се менува и гласи:

“(3) Во случај на доцнење со плаќањето на годишната рата, Министерството во рок од пет работни дена писмено ќе го опомене купувачот за обврската за плаќање на годишната рата”

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Доколку во рок од 15 дена од денот на приемот на опомената од ставот (3) на овој член, купувачот не ја плати доспеаната годишна рата, договорот за купопродажба ќе се раскине и земјоделското земјиште ќе се врати во државна сопственост”.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предмет на овој закон е пропишување на подолг рок за плаќање на купопродажната цена за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост доколку избраниот понудувач е физичко лице, како и доуредување на постапката за раскинување на договорот за купопродажба на зеамјоделското земјиште во државна сопственост.

Имено со членот 1 се пропишува можност купородажната цена да се плати на 10 годишни рати доколу купувач е на земјоделското земјиште во државан сопственост е физичко лице, а истовремено се пропишува и обврска на Министерството во случај на раскинување на договорот поради ненавремено плаќање на рата, претходно писмено да го опомене и да му остави можност да ја плати неплатената а доспеана рата во рок од петнаесет дена.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените решенија се пропишува подолг рок за плаќање на купопродажната цена за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост доколку избраниот понудувач е физичко лице, како и доуредување на постапката за раскинување на договорот за купопродажба на земјоделското земјиште во државна сопственост и истите се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи купопродажната цена да се плати на 10 годишни рати доколку купувач на земјоделското земјиште во државна сопственост е физичко лице.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 18

(1) Купопродажната цена за земјоделското земјиште може да се плати во целост, со склучување на договорот за купопродажба или на пет еднакви годишни рати. Подносителите на понудите за купопродажба го наведуваат начинот на плаќање на купопродажната цена во моментот на поднесување на понудата до Министерството.

(2) Доколку понудувачите изберат постигнатата купопродажна цена да ја платат на пет еднакви годишни рати, тогаш првата годишна рата се плаќа во моментот на склучување на договорот за купопродажба, а останатите годишни рати се уплаќаат во следните календарски години по склучување на договорот, но најдоцна до 31 март во таа календарска година.

(3) Во случај на ненавремено плаќање на годишните рати, договорот за купопродажба ќе се раскине.